Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Стоматолошки факултет - Скопје

# Извештај за работа на деканот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Стоматолошкиот факултет – Скопје

декември 2024 - декември 2025

**Проф. д-р СОЊА АПОСТОЛСКА**

**Декември, 2025 Скопје**

## ВОВЕД

Годишниот Извештај за работата на Стоматолошкиот факултет во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје, претставува обврска која произлегува од Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј’’ во Скопје, се со цел да се обезбеди отчетност пред Наставно - научниот совет на Стоматолошкиот факултет и органите и тела на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј’’ во Скопје.

Овој извештај претставува преглед на реализираните активности на деканот на Стоматолошкиот факултет-Скопје во академската година за периодот од декември 2024 до декември 2025 година и дава не само генерален, но и конкретен увид во целокупното функционирање, работење и делување на Стоматолошкиот факултет - Скопје на реализацијата и остварувањето на планот за развој на Факултетот притоа придржувајќи се кон предлог-програмата за работата доставена од страна на деканот при неговиот избор.

Извештајот има за цел да ги прикаже вкупните реализирани активности и постигнати резултати во периодот кој е наведен, да прикаже се она што е значајно постигнато и спроведено и има важност на фактор на влијание и остава печат во работата на Факултетот кој својата функција и истовремено своето постоење ги остварува и понатаму преку трите основни дејности: наставнообразовната, научноистражувачката и високостручната апликативна здравствена дејност. Трите дејности кои се вршат како единствена функционална целина како подрачја каде Факултетот делува преку спроведување на образованието на студентите и обезбедување на континуирана едукација на кадарот се заемно врзани и неопходно испреплетени во своето реализирање, а што од друга страна претставува единствен услов за она што значи напредок и успех на оваaа високообразовна институција. Во услови на отежнато функционирање на системот на поврзаност на образовната и здравствената дејност поради фактот што трите дејности се остваруваат во две, односно три различни установи, Факултетот наоѓа начини да ја обезбеди функционалната целина која е неопходна за поврзување на практичното и теоретското подрачје од студиските програми заради нивно одржување на високо квалитетно едукативно ниво како што беше и до сега.

Сите активности во извештајниот период се во насока на континуитет во работењето и унапредувањето на високообразовната, научноистражувачката и применувачката дејност на Факултетот.

## ТЕКОВНО РАБОТЕЊЕ И АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА ФАКУЛТЕТОТ

Реализацијата на вкупните активности, работењето, следењето и решавањето на задачите и проблемите од својата дејност, Факултетот ги остварува преку своите органи и тела, односно преку **Наставно-научниот совет со работните тела (одбори и комисии), деканатската управа и деканот**, кои своите активности ги реализираа согласно надлежностите утврдени со законот, актите на Универзитетот и Факултетот, а во рамките на програмата за работа на деканот и тековните работни активности за наведениот извештаен период.

Во извештајниот период, постојаните работни тела (Кадровскиот одбор, Наставниот одбор, Одборот за специјализации и супспецијализации, Одборот за меѓународна соработка, Етичката комисија, Наставно-научниот колегиум на студиска програма за втор циклус на студии, Советот за докторски студии) одржуваа редовни седници на кои се решаваа прашања од нивниот делокруг за кои доставуваа извештаи со предлог одлуки до Наставно-научниот совет на Факултетот за конечно одлучување, како и заклучоци и

информации за одредени проблематики од нивниот делокруг заради транспарентност и информираност на сите членови на ННС.

Исто така во текот на извештајниот период Факултетот реализираше одредени активности поврзани со носење на нови правилници или измени и дополнување на постојните заради поедноставно и поефикасно извршување на наставните, научно истражувачките и административните активности. Изготвените акти се донесоа на органите на факултетот односно на Наставно-научниот совет и Деканатската управа.

**Наставно-научниот совет** на Стоматолошкиот факултет во извештајниот период одржа вкупно 11 седници, од кои 10 (десет) редовни и 1 (една) свечена седница. На овие седници беа разгледувани и донесувани одлуки од значење за целокупното функционирање на Факултетот, во согласност со надлежностите утврдени со Законот за високото образование. Годината на Стоматолошкиот факултет беше полна со движења, одлуки и нови почетоци. Наставно-научниот совет редовно одржуваше седници – не само за да одлучува, туку и да ја гради иднината на Факултетот. На овие седници се носеа важни одлуки: спроведени се постапки со непосредно и тајно гласање од избор на продекани на Факултетот, избор на наставно-научни, научни и соработнички звања, како и постапки за избор на редовни професори, преку акредитации на студиски програми, до усвојување извештаи за самоевалуација, кои го отсликуваа напредокот и постигнувањата на Факултетот во претходните години. Се предлагаа ангажирања на стручњаци од практиката, се донесуваа одлуки за продолжување на договорите за вработување на наставниот кадар, се донесе одлука за организирање на научни и стручни едукативни настани во организација на Стоматолошкиот факултет - Скопје, се разгледуваа и донесуваа одлуки за утврдување на потреба за издавање на учебници и учебни помагала, се разгледуваа прашања поврзани со реализирање на наставната, научната и апликативната дејност и спроведувањето на специјализациите за што се донесуваа акти. Беа донесени одлуки за формирање конкурсна комисија за упис на студенти на студиските програми од прв циклус, како и за утврдување на Статутот и актот за систематизација на работните места на Стоматолошкиот факултет – Скопје. Дополнително, Советот го усвои Календарот на Факултетот во рамки на Универзитетскиот календар за учебната 2025/2026 година, распоредот на работните задачи за наставниот и соработничкиот кадар, како и завршната сметка и финансискиот план. Особено значајно беше одбележувањето на 65-годишнината на Факултетот, кога се доделија награди и признанија, за да се честита посветеноста и успехот на оние што го изградиле овој Факултет. Исто така беа разгледувани извештаи и предлог одлуки од постојаните работни тела и беа донесувани акти кои се во надлежност на ННС утврдени со Законот за високото образование.

Во извештајниот период, за редовни професори беа избрани 3 лица, за вонредни професори беа избрани 3 лица, 1 доцент, 2 научни советници, 6 виши научни соработници и 1 научен соработник. Исто така, добиени се и согласности за ангажирање на 16 стручњаци од практиката, кои заради недоволниот број на вработен наставен кадар се неопходни за правилно функционирање на практичната настава во учебната 2025/2026 година. Во извештајниот период, избран е 1 демонстратор на Катедрата по стоматолошка протетика.

## ДЕКАНАТСКА УПРАВА

Како орган на управување на Факултетот на своите седници исто така расправаше за повеќе актуелни прашања за работата на Факултетот и одржа 9 (девет) седници за реализација на прашањата од својата надлежност. Меѓу другото, во извештајниот период, Деканатската управа се грижеше за остварувањето на дејноста и развојот на Факултетот и донесе акти поврзани со реализацијата на јавните набавки, правата и обврските на

студентите и специјализантите, научно-истражувачките проекти, работните односи, финансиско-материјалното работење и вршеше други работи што се во нејзина надлежност согласно со актите на Факултетот. Посебно внимание беше посветено на усогласување на интерните акти со новите универзитетски правилници и подобрување на административните и организациските процеси. Беше донесена Одлука за формирање на комисии за спроведување на вонреден попис и Одлука за усвојување на Извештај од спроведен вонреден попис со состојба на 30.6.2025 година на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје како и Одлука за расходување на движни ствари кои поради нивна дотраеност, неупотребливост и технолошка застареност не можат да се користат. Преземени се и активности околу реализацијата на пописот со состојба на 31.12.2024 година, вонредниот попис и пописот со состојба на 31.12.2025 година, за одредени исплати на вработените, за исплата на регресот за годишен одмор, одлуката за плати и одлуките за висината на бодот, за обезбедувања согласности за нови вработувања и кај наставниот и кај ненаставниот кадар, како и многу други работи од секојдневното работење на Факултетот и реализацијата на неговата основна дејност. Беше разгледано барање за утврдување на потреба од основање на Катедра за јавно здравство во стоматологијата, како и предлог – Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Стоматолошкиот факултет – Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, предлог - Правилник за внатрешната организација на Стоматолошкиот факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и Предлог – Правилник за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје – Стоматолошки факултет – Скопје.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Наставно-образовната дејност претставува една од трите клучни дејности на факултетот и основа на неговото целокупно функционирање. Во текот на оваа академска година, наставниот процес и испитните сесии беа успешно реализирани благодарение на високата посветеност и ангажираност на наставниот и соработничкиот кадар. Истовремено, административниот кадар обезбеди континуирана достапност на административните услуги, со што се овозможи непречено и навремено остварување на студентските права.

Активностите во наставно-образовната дејност во извештајниот период беа насочени кон:

- осовременување на наставниот процес,
- унапредување на квалитетот на наставата,
- усогласување со универзитетските и националните стандарди и
- подобрување на условите за студирање.

Се реализираа активности поврзани со акредитација и реакредитација на студиски програми, организација на наставата на сите циклуси на студии, како и евалуација на наставата од страна на студентите.

Факултетот континуирано се промовираше пред идните студенти преку учество на универзитетски манифестации и организирани презентации, со цел зголемување на интересот за студирање и јакнење на институционалната препознатливост.

Во извештајниот период редовно се спроведуваа:

- уписите на студенти,

- координација со студентските претставници,
- активности за подобрување на практичната и теоретската настава и
- дополнување на дигитализацијата на процесите поврзани со проверка на знаењето

Во изминатиот период од една година беа изработени 5 елаборати од кои 4 за реакредитација на студиска програма и еден за акредитација на нова студиска програма.

Во согласност со актите на Универзитетот, добиени се согласности за вршење на високообразовна дејност на Стоматолошкиот факултет во учебната 2025/2026 година за лица избрани во звање од наставно-научните совети на Медицинскиот, Природно-математичкиот, Филолошкиот факултет и Факултетот за физичко образование, спорт и здравје.

Со почеток на учебната 2021/22 година започна да се применува новиот систем за учење на далечина на УКИМ - iLearn. Употребата за овој систем продолжи и во извештајниот период.

Во извештајниот период, продолжи да функционира и да се унапредува компјутерската проверка на знаењето на студентите во насока на овозможување пообјективна проверка на знаењата на студентите. Базата на прашања во софтверот за компјутерско полагање во континуитет се надополнува со нови прашања доставени од наставниот кадар. Направено е и импортирање на базата на прашања за предметот Стоматолошка рендгенологија и предметот Имплантологија кои досега не беа реализирани, а во наредната година ќе се импортираат и прашањата од предметите кои досега не го спроведувале комјутерското полагање.

И во овој извештаен период е спроведена евалуација на наставата од страна на студентите, согласно упатства доставени од Ректоратот на Универзитетот.

Со цел унапредување на оралното здравје кај граѓаните од третата доба преку превземање на куративни и превентивни мерки од страна на студентите на Факултетот под надзор на наставниот кадар, а во согласност со важечката законодавна регулатива и интерните акти Факултетот го обнови Меморандумот за соработка со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Исто така, започна процес на преговори со неколку општини на град Скопје за одредени претстојни проекти во насока на одржувањето на оралното здравје и неговата важност кај населението од општините. Значајно е да напоменеме дека со ваквите активности, како јавна високообразовна установа не само што придонесуваме за решавање на проблемите со оралните заболувања и постигнување на оптимално орално здравје кај населението, унапредна е и практичната настава при што е овозможено секој студент да стекне големо практично искуство.

Во тек е изработка и воведување на курсеви во склоп на програмата Lifelong learning.

Во тек е подготовка на наредниот студентски конгрес како и едукативниот настан во соработка со European Dental Students Association (EDSA).

Во изминатиот период издаден е 1 (еден) учебник на англиски јазик со наслов ,,Oral biochemistry and physiology’’ од авторите проф. д-р Ќиро Ивановски, проф. д-р Снежана Пешевска, проф. д-р Катарина Дирјанска, проф. д-р Стевица Ристоска и ас. д-р Бојан Попоски.

**Додипломски студии**

Во досегашниот период, Стоматолошкиот факултет - Скопје се стекна со конкретни искуства за суштинската издржаност на едукативниот процес кои ја сугерираа потребата од

промени и прилагодувања на студиските програми пред се кон успешна имплементација на болоњските принципи од една страна и континуираното осовременување на студиите и усогласување на истите согласно Законот за високо образование од друга страна.

Во извештајниот период согласно законските прописи со кои е уредено студиските програми да се реакредитираат на секои пет години, беше започнат процес на рекаредитација и беа изработени 5 елаборати од кои 4 за реакредитација на студиска програма и еден за акредитација на нова студиска програма и тоа:

1. Елаборат за реакредитација на Студиска програма од интегриран прв и втор циклус на студии за доктори по дентална медицина на македонски јазик
2. Елаборат за реакредитација на Студиска програма од интегриран прв и втор циклус на студии за доктори по дентална медицина на англиски јазик
3. Елаборат за реакредитација на Студиска програма - стручни забни техничари на македонски јазик
4. Елаборат за **акредитација** на Студиска програма - стручни забни техничари на англиски јазик
5. Елаборат за реакредитација на Студиска програма - стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози

Изготвените елаборати за рекредитација на студиските програми беа усвоени од Наставно-научниот совет и Универзитетскиот сенат и беа доставени до Одборот за акредитација во натамошна надлежност.

Од вкупно 4 доставени елаборати, до Факултетот веќе се доставени решенија за акредтација на две студиски програми: Стручни забни техничари и Стручни стоматолошки сестри-орални хигиенолози, за кои веднаш започна процес за добивање решенија за почеток со работа.

Во извештајниот период битно е да се напомене дека започна процес на акредитација на нова студиска програма за стручни забни техничари од прв циклус стручни студии на аглиски јазик. Изготвениот елаборат беше усвоен и од Наставно-научниот совет на Факултетот, како и од Универзитетскиот сенат и доставен до Одборот за акредитација.

Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии.

Имено, традиционалната програма и традиционалниот метод на учење не се доволни за да се образува еден стоматолог, забен техничар или стручна стоматолошка сестра, кој ќе може да одговори на денешните потреби на пазарот на трудот. Од овие причини студиските програми се карактеризираат со воведување на флексибилност во истите, интегрираност на базичната биомедицинска и стоматолошка наука каде студентот е поставен во центарот на процесот на учење.

Во извештајниот период, Стоматолошкиот факултет успешно го реализираше Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2025/2026 година.

Согласно Конкурсот на нашиот факултет беа запишани студенти на сите студиски програми од додипломски студии во сите три испитни рока, и тоа:

- На студиската програма - дентална медицина,интегрирани студии од прв и втор циклус се запишани 80 студенти, од кои 5 странци.

- На студиската програма - дентална медицина, интегрирани студии од прв и втор циклус – на англиски јазик се запишани 37 студенти.
- На студиската програма- стручни забни техничари се запишани 25 студенти .
- На студиската програма - стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози се запишани 15 студенти.

Резултатите од уписите за секој конкурс се објавуваа на веб-страницата на Факултетот, а извештаите од уписите беа разгледувани на органите и телата на Факултетот и едноглсно беа прифатени.

Во извештајниот период на Стоматолошкиот факултет во Скопје ги завршиле додпломските студии и се стекнале со соодветен стручен назив 71 студент, од кои:

- доктори по дентална медицина – 49 студенти;
- стручни забни техничари - 19 студенти;
- стручни стоматолошки сестри - 3 студенти.

**Постдипломски студии**

Во извештајниот период беше целосно звршен процесот на реакредација на сите студиски програми од втор циклус, односно беа добиени решенија за акредитација и решенија за почеток со работа на студиските програми. Со реакредитацијата студиската програма за академски магистерски студии е во траење од 1 година , односно 2 семестри за разлика од претходната која беше во траење од три семестри.

На Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје во учебната 2025/2026 година, се запиша првата генерација студенти на рекредитираните студиски програми.

- На студиската програма - дентална медицина, втор циклус академски магистерки студии се запишаа вкупно - 11 студенти;
- На студиската програма - дентална медицина, втор циклус стручни едногодишни студии се запишаа 7 студенти
- на студиската програма - Забни техничари се запишаа 3 студенти.

Вториот циклус студии го завршиле вкупно 20 студентиод кои:

- со научен назив магистер на стоматолошки науки се стекнале 16 лица
- со стручен назив специјалист-доктор по дентална медицина се стекнале 4 студенти.

**Трет циклус студии – докторски студии**

Во извештајниот период беше започнат процесот на реакредација на студиската програма од трет циклус докторски студии. Беше изготвен Елаборат за реакредитација на студиската програма кој едногласно беше усвоен од Наставнонаучниот совет на Факултетот, а потоа и од сенатот на Универзитетот. Исто така и овој елаборат е доставен до Одборот за акредитација каде е во тек постапката за реакредитација.

Исто така, успешно беше реализиран и Конкурсот за запишување студенти на трет циклус студии - докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, во академската 2025/2026 година, на кој беа запишани 14 студенти од кои 11 наши државјани и тројца странци.

Во текот на извештајниот период, докторандите учествуваа на две годишни конференции. Презентациите беа во најголем дел позитивно оценети, но беа и проследени

со конструктивни забелешки. Истите беа прифатени од страна на кандидатите и нивните ментори, во интерес на понатамошна успешна реализација на докторските дисертации и подигнување на нивното научно- истражувачко ниво.

Третиот циклус студии го завршиле односно докторирале и се стекнале со научен назив доктор на стоматолошки науки 11 докторанти.

Во извештајниот период, до Одборот за акредитација беа доставувани барања за акредитирање на ментори на трет циклус – докторски студии.

## ЦЕНТАР ЗА КАРИЕРА

Во изминатиот период, продолжи да функционира Центарот за кариера на Стоматолошкиот факултет - Скопје како дел од Центарот за кариера на Универзитетот, кој реализираше бројни активности меѓу кои :

- Организиран традиционалниот Отворен ден на Стоматолошкиот факултет – Скопје во состав на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј‘‘ во Скопје, со голем број на средношколци, кои можеа да се запознаат со студиските програми, просторните капацитети за изведување на теоретска и практична настава и техничката опременост на заботехничките лаборатории, биохемиската и микробиолошката лабораторија

- Организираше едукативен настан, на кој проф. д-р Никола Ангелов, професор и раководител на Катедрата за пародонтологија и орална хигиена на Стоматолошкиот факултет во Хјустон, Тексас, одржа предавање на тема: „Естетска рехабилитација на насмевката: Улогата на пародонтологот во третманот на гингивалната експозиција".

- Активно учество на студентите од Стоматолошкиот факултет, заедно со специјализантите и наставниот кадар од Катедрата за детска и превентивна стоматологија на настанот ,,Гуш и бац е љубов'' организиран од Здружението Аутизам МК, кој се одржа на 11.05.2025 пред Школка во Градскиот парк – Скопје каде беше промовиран и првиот компјутерски контролиран систем за локална анестезија во стоматологијата ,,СТА - Системот за анестезија'', кој е поволен за деца коишто не соработуваат и лица со попреченост, обезбедувајќи безболна анестезија, без ризик од оштетување на ткивото и без несакани ефекти.

- Посета на учениците од средното медицинско училиште ОСМУ ,, Д-р Јован Калаузи'' Битола, од трета година, насока забен техничар, на Стоматолошкиот факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и запознавање со студиските програми, начинот на студирање и можностите за понатамошно професионално усовршување.

- Проф. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова, раководител на програмата за стручни забни техничари одржа и предавање за различните типови на реставрации и најновите технологии CAD/CAM и 3D печатење на реставрации, модели, лажици, ткива и органи, и можностите за соодветна примена на овие технологии.

- Едукативна ITOP работилница, наменета за подигање на свеста за оралното здравје и превенција на оралните заболувања,

- Младинскиот Сојуз – Крушево во соработка со Центарот за кариера на Стоматолошкиот факултет – Скопје, им овозможи учество на студентите на практикантска програма, наменета за подобрување на меки вештини кои би биле од интерес во остварување на подобра комуникација со пациентите и подобра организација на професионалните обврски.

- На 26.09.2025 во организација на Реплек беше одржан Хакатон, наменет за апсолвентите на Фармацевтски,Стоматолошки и Медицински факултет, со можност за нивно вработување. На учесниците преку поддршка од ментори им беше претставена тимската

работа со реални предизвици и нетворкинг како и вклучување во Реплек Академс – уникатна програма за развој на идни медицински претставници.

- На 13.10.2025 беше успешно реализиран едукативен настан за студентите како резултат на соработката помеѓу Центарот за Кариера на Стоматолошкиот факултет Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Едукативниот центар Интердент од Целје, Словенија и компанијата Биомедикаимплант од Скопје каде Мирјана Загоричник, дипл.заботехничар од Едукативниот центар Интердент од Целје, Словенија одржа предавање на тема ,,ДИГИТАЛНА СТОМАТОЛОГИЈА'' на кое студентите имаа можност да се запознаат со најновите концепти за примена на дигиталните технологии во стоматологијата и заботехничките лаборатории, како и употребата на актуелните стоматолошки материјали.

Дополнително, беше организирана и работилница, со практично демонстрирање на индивидуално светлосно полимеризирачки бои за композити со материјал VITA AKZENT LC.

- На 04.12.2025 студентите од Стоматолошкиот факултет, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје, активно учествуваа на манифестацијата Меѓународен ден на студентите и преку својот информативен штанд и соодветни експонати овозможија директна комуникација помеѓу академската заедница и средношколците. Воедно, на настанот беа одржани предавања од страна на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, како и презентирање на научни проекти на УСС УКИМ.

- Соработка помеѓу Центарите за кариера при Факултетот за земјоделски науки и храна, и Стоматолошкиот факултет и организирање на едукативен настан ,,ITOP (индивидуален пристап во оралната профилакса) – ИНОВАТИВЕН МЕТОД ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ОРАЛНА ХИГИЕНА ''. Настанот беше одржан на 03.12.2025, каде студентите имаа можност преку теоретските предавања да се запознаат со важноста на оралното здравје и неговиот ефект врз општото здравје, но и со нивната превенција. Во практичниот дел преку индивидуален пристап беа демонстрирани техниките за одржување на орална хигиена.

## СТУДЕНТИ

Студентите и во текот на овој период беа активно вклучени во работата на органите и телата на Факултетот. За одбележување е нивното учество во наставниот одбор и координативните средби организирани од раководителот на организационата едницата за ЕКТС, каде по долги дискусии со наставниците се донесуваа заклучоци за подобрување на квалитетот на наставата. Студентите, заедно со наставниците од Стоматолошкиот факултет, учествуваа во поголем број на промотивни настани организирани од Центарот за кариера на Стоматолошкиот факултет - Скопје, учествуваа и организираа научни собири наменети за нив. Исто така, студентите учествуваа во одбележување на значајни денови и месеци за стоматологијата преку активностите кои ги организираа, а имаа за цел подигнување на јавната свест за оралното здравје.

Со цел за превенирање и брзо и ефикасно надминување на тековните проблеми кои се јавуваат во тек на теоретската и практична настава на првиот циклус студии на сите студиски програми (ДДМ, СЗТ и ССС-ОХ), на Стоматолошкиот факултет и во овој извештаен период активно функционираше системот на координација на ЕКТС, во кој што посебно место имаат назначените студенти координатори.

Досегашната пракса покажа дека информациите во врска со тековната реализацијата на наставата и евентуалните проблеми до кои се доаѓа, се решаваат брзо и веднаш благодарение токму на информациите кои се добиваат од студентите координатори. Системот на координација дава одлични резултати во насока на обезбедување на квалитет

во реализација на наставно-образовниот процес на Факултетот и најбрзо решавање на проблемите.

**Факултетското студентско собрание на Стоматолошки факултет - Скопје (ФСС-СФ)**

Во извештајниот период, согласно Статутот на ФСС -СФ и актите на Универзитетот и Факултетот, беше донесена Одлука за распишување на избори на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Стоматолошки факултет – Скопје, а 22.12.2025 година е терминот кој се одреди за спроведување на истите.

Во таа насока успешно се одржани собири на студентите на кои истите имаа можност да предлагаат кандидати за членови и претседател на Факултетското студентско собрание.

На веб старната на Факултетот се објавени Одлуката за распишување на избори, Упатството за реализирање на изборите и Одлуката за утврдени кандидати за претседател и членови на ФСС, се со цел најголема транспарентност во поглед на изборот на новите членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Стоматолошки факултет - Скопје.

ФСС-СФ активно учествуваше на настанот организиран од Универзитетското студентско собрание за одбележување на меѓународниот ден на студентите. На настанот студентите ги претставија активностите и целите кои ги нуди нашиот факултет а присутните имаа можност да ги добијат и совети за унапредување на оралната хигиена.

Факултетското студентско собрание на Стоматолошки факултет - Скопје, во Конгресниот центар во Охрид и на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во период од 11.4.2025 до 13.4.2025 година, успешно го реализираше 31-тиот Меѓународен студентски конгрес на студентите по стоматологија и 6-та летна школа за студенти по стоматологија и млади доктори по дентална медицина. Едукативните настани имаа меѓународен карактер, односно гости на Конгресот беа повеќе студенти од Стоматолошкиот факултет во Ниш и Стоматолошкиот факултет во Панчево.

Согласно склучениот меморандум помеѓу Стоматолошкиот факултет - Скопје и Македонското стоматолошко друштво (МСД) и понатаму е овозможено **бесплатно учество на студентите на настани од континуирана едукација во организација на МСД и здруженијата во негов состав**. Активностите за споделувањето на информации за настаните и начинот на пријавувањето и изборот на учесници на настаните ги спроведува Факултетското студентско собрание и Стручната и административна служба во соработка со МСД.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во извештајниот период беа преземени низа активности за унапредување на научно-истражувачката дејност на Стоматолошкиот факултет која е составен дел од дејноста на Факултетот и е од клучно значење за неговата меѓународна репутација, репутацијата на Универзитетот, како и за подигнување на квалитетот на наставата. Во изминатиот период, од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот беше усвоена предложената Програма за научно-истражувачка дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Стоматолошкиот факултет – Скопје за период 2025-2029.

**Научно-истражувачки проекти**

Во извештајниот период во јануари 2025 година, Факултетот беше вклучен во проект од Еразмус плус програмата преку Универзитетот во Белград како носител. Насловот на

проектот е: ‘’Competence Based Curriculum Reform in Eeastern Balkan Dental Schools’’ и се однесува на усогласување на школските програми за стоматологија во Западен Балкан. Универзитетот во Белград.

Во март 2025 година, професори од Катедрата за орална хирургија и Катедрата за имплантологија започнаа проект финансиран од Ботис (Botiss biomaterials) со наслов: “Техника на штит со магнезиумска мембрана за презервација на постекстракциона алвеола со дехисценција на ѕидот на букалната ламина”. Рокот за изработка е 2 години.

Во јуни 2025, Факултетот аплицираше на повикот за проекти финансирани од МОН со проект во кој беа вклучени повеќето катедри од Стоматолошкиот факултет со наслов „Подигање на свеста за ризиците при стоматолошки интервенции кај пациенти на бисфосфонатна терапија, промоција, едукација и изготвување национална стратегија’’.

Во јуни 2025, Факултетот делегираше свој претставник, науч. сор. д-р Билјана Евросимовска, во Советот на Центарот за Отворена наука, со што се придонесе континуирано следење на активностите на Центарот и активно учествување во истиот.

Во јули 2025 година оствиривме активно учество во COST management committee на проектот со број CA24147 (Artificial Intelligence Driven Dental AgEstimation Network (AID-AgE) Проектот започна на 31/10/2025, а завршува на 30/10/2029. Учесници – членови во Management Committee на COST проектот CA24147 од нашиот факултет се проф. др. Даниела Велеска Стевковска и ас. др. Стефан Кузмановски.

Во извештајниот период беше спремена проектна апликација за повикот на IPA ADRION Project Participation. Проектот е со наслов “Enhancing Diagnostic Capacities through AI-Ponjered Radiograph Analisis in Dental Education.” За аплицирање на истиот се обезбеди партнерство од Факултетот за дентална медицина од Софија, Бугарија. Во тек се преговори за уште еден ЕУ партнер со што апликацијата ќе може да биде поднесена.

Стоматолошкиот факултет започна заеднички проект со Универзитет Привредна академија Нови Сад, Стоматолошкиот факултет - Панчево со наслов ”Упоредна анализа ефеката примене серапептазе и дексаметазона као и њихове комбинације на интензитет бола, величину отока и израженост тризмуса након оперативног вађења долних импактираних умњака: мултицентрична, рандомизирана, контролисана, проспективна клиничка студија”. Проектот го реализираат тимови од двата факултети, а во тек е објава на труд со резултатите од проектот.

**Научно-истражувачки проекти одобрени од Универзитетот**

Во извештајниот период, беа завршени два финансирани проекти од страна на Универзитетот.

Со одлука на Наставно-научниот совет на 30.1.2025 беше прифатен Извештајот за научно-истражувачкиот проект со наслов „Одредување на КЕП-индексот кај деца на 12-годишна возраст во урбани и рурални средини на територијата на Република Македонија”, од проф. д-р Елизабета Ѓоргиевска, како раководител на проектот.

Со одлука на Наставно-научниот совет на 4.7.2025 беше прифатен Извештајот за научно-истражувачкиот проект со наслов ,,Влијание на формата и големината на денталните лакови врз морфолошките варијации на малоклузии кај школски деца на територија на град Скопјеќќ од проф. д-р Лидија Кануркова како раководител на проектот.

И оваа година Наставно-научниот совет донесе Одлука за прифаќање на пријавата за научно-истражувачкиот проект од раководителот на проектот, проф. д-р Ќиро Ивановски,

редовен професор на Катедрата за болести на устата и пародонтот на Стоматолошкиот факултет во Скопје со наслов ,,Интегрален мултимаркерски редокс профил на плунката кај пародонтални заболувања” за учество на Конкурсот за доделување на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти за 2025/2026 година објавен од Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј’’ во Скопје.

Во извештајниот период беше прифатен извештајот за спроведениот научно-истражувачки проект со наслов ,,Унапредување на оралната хигиена кај студентската популација’’ финансиран согласно Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје а реализиран од страна на ФСС-СФ и наставниот кадар на Факултетот.

**Научно-истражувачки проекти од сопствени средства**

Согласно Програмата за научно-истражувачка работа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - Стоматолошки факултет - Скопје и Правилникот за начинот и постапката за финансирање на научно-истражувачки проекти на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во 2023 година беа одобрени 4 (четири) проекти финансирани од сопствени средства. Со оглед дека истите имаат двегодишна временска рамка за нивна реализација, во изминатиот извештаен период беа преземени активности за реализација на проектите согласно барањата од главните истражувачи.

До сега беше завршен еден проект, односно беше донесена Одлука за усвојување на позитивната рецензија и прифаќање на Завршниот извештај на научно-истражувачки проект од научната област - пародонтологија и орална медицина, под наслов ,,Неензимско редуцирање на оксидативниот стрес кај орален мукозитис индуциран со хемотерапија-анимален модел” пријавен од проф. д-р Ќиро Ивановски како главен истражувач во соработка со истражувачки тим.

Со почетокот на наредната календарска година во предвидениот рок се очекува да бидат завршени и останатите три проекти.

Во извештајниот период беше усвоен извештајот од проектот ,,Оралното здравје институционализирани стари лица: јавно здравствен пристап“, реализиран од нас. доц. д-р Влатко Коколански (главен истражувач) во соработка со наставниот кадар на Факултетот.

**Пристап до електронски бази**

Во извештајниот период за вработените на Стоматолошкиот факултет - Скопје е продолжен бесплатниот пристап до дваесетина електронски бази на EBSCO сервисот и до електронската база на научни и стручни трудови и книги - IJMDK. Со поддршка на Министерството за образование и наука, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје доби институционален пристап до една од најрелевантните и најкористени индексациски научни бази на податоци во светот – Web of Science на Clarivate Analytics. Овој пристап им овозможува на наставно-научниот кадар пребарување и пристап до висококвалитетни и индексирани научни публикации од сите научни области, следење на најновите научни трендови и истражувања на глобално ниво, алатки за анализа на цитираност и истражувачки импакт и анализа на мрежи на истражувачи и институции кои работат на слични теми, со цел понатамошно вмрежување при изработка на научни трудови, проекти и при аплицирање за меѓународно финансирање.

**Организирање на симпозиуми, курсеви и работилници**

На 15.3.2025 година беше одржан симпозиум во организација на Стоматолошкиот факултет со наслов: "Превентивни и тераписки постапки во секојдневната стоматолошка пракса", кој беше акредитиран од страна на Стоматолошката комора на Македонија. Како предавачи на симпозиумот освен наставниците од нашиот факултет проф. д-р Едвард Јанев и проф. д-р Ирена Гавриловиќ, земаа учество и професори од Стоматолошкиот факултет во Фоча – Источно Сараево, проф.д-р Драган Ивановиќ и проф. д-р Тања Ивановиќ.

**Македонски стоматолошки преглед**

Во извештајниот период, списанието „Македонски стоматолошки преглед" континуирано се издаваше како on-line издание, а трудовите се достапни на веб страната на Факултетот. Сите трудови се рецензираат и лекторираат, а потоа графички се обработуваат и се запишуваат во Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" со цел подобрување на квалитетот на списанието.

**Активности за реализација на Ризница на трудови**

Во извештајниот период, Стоматолошкиот факултет продолжи со внесување на податоци во ризницата на научни и уметнички трудови на УКИМ.

**Јубилеј – 65 години Стоматолошкиот факултет**

Свечено беше одбележан јубилејот 65 години од основањето на Стоматолошкиот факултет**,** настан кој претставува значаен момент во историјата на високото образование и стоматолошката наука во државата. Свеченоста се одржа на 25.12.2024 година во амфитеатарот на Стоматолошкиот факултет во присуство на раководството на Факултетот, наставно-научниот кадар, соработници, ректорот и проректорите на УКИМ, декани од други факултети со кои имаме непосредна соработка, вработените од стручно административната служба, студенти, алумни, како и бројни гости од академската и стручната јавност. На настанот свое обраќање имаше деканот на Стоматолошкиот факултет, каде се истакна шест и пол деценискатa традиција, континуираниот развој и значајната улога на Факултетот во едукацијата на генерации стоматолози и здравствени професионалци.

Поздравно обраќање одржа и Ректорот на УКИМ проф. др. Билјана Ангелова која ја истакна важноста на Стоматолошкиот факултет како столб на академската извонредност, научно-истражувачката работа и општествениот придонес.

Во рамки на програмата беа презентирани клучните достигнувања на Факултетот, развојот на наставните програми, научно-истражувачките активности, како и меѓународната соработка. Посебно внимание беше посветено на идните насоки за развој, модернизација и унапредување на образовниот и клиничкиот процес.

Свеченоста заврши со доделување на **признанија/благодарници** на истакнати професори и соработници кои со својата работа оставиле траен белег во развојот на Стоматолошкиот факултет.

Одбележувањето на овој значаен јубилеј уште еднаш ја потврди посветеноста на Стоматолошкиот факултет кон квалитетното образование, науката и грижата за јавното здравје.

## СПЕЦИЈАЛИЗАЦИИ

Во извештајниов период поточно во месец март на предлог на Одборот за специјализации и супспецијализации Факултетот ја обнови иницијатавата за измена и

дополнување на Одлуката за надоместокот за спроведување на теоретската и практична обука и за полагање на испит за специјализации и супспецијализации од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата, донесена од Владата на Република Северна Македонија која беше проследена до Министерството за здравство, но за жал по истата до денес нема никаво известување.

Во извештајниот период, продолжи реализацијата на активностите за реализација на планот и програмата на веќе одобрените специјализации од минатите извештајни периоди.

Во извештајниот период сметано од 15 декември 2024 година започнаа со реализација на одобрените специјализации (државни), согласно Програмата за потреба специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи за 2024 година вкупно 4 специјализанти.

Согласно законската регулатива на 19 декември оваа година беше објавен Оглас за одобрување на специјализации/супспецијализации согласно Програмата за потреба специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи за 2025 година кој е во тек.

Исто така, Одборот за специјализации и супспецијализации одобри специјализации на четворица странски државјани согласно можностите на катедрите.

За реализираните обврски на менторите како и за учеството во комисиите за полагање на предиспитен специјалистички и специјалистички испит, обврските редовно се подмируваа и во континуитет се исплатуваа доспеаните надоместоци на наставниот кадар. Исто така, во извештајниот период, се продолжи со навремено исплаќање на надоместоците кон јавните здравствени установи - наставните бази во кои се спроведуваат турнусите на здравствените специјализации согласно склучените договори за уредување на меѓусебните обврски.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во извештајниот период се работеше на унапредување на меѓународната соработка, што резултираше со склучување билатерални договори и договори за мобилност на студенти и наставен кадар во рамките на програмата Еразмус+. Како резултат на овие активности, беа склучени повеќе билатерални договори за соработка, како и договори за мобилност на студенти и наставен кадар во рамките на програмата Еразмус+, ангажирање визитинг професори, членство во Асоцијацијата за стоматолошка едукација во Европа (ADEE)

Оваа година беше потпишан и договор за соработка со Медицинскиот факултет при Универзитетот во Приштина со привремено седиште во Косовска Митровица. Покрај овие нови договори за билатерална соработка беа обновени и договороте со сите факултети на кои им беше истечен рокот.

Во месец јули пртседателот на Одборот за меѓународна соработка беше дел од делегацијата на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, предводена од проректорот за финансии, инвестиции и развој, проф. д-р Лазо Пендовски, која учествуваше на Истамбулскиот универзитетски саем 14$^{th}$ EKET University preference Fair 2025. На саемот се зедоа учество повеќе од 200 универзитети и повеќе од 15 000 посетители.

Треба посебно да се напомене на наше огромно задоволство дека ова промовирање на УКИМ и Стоматолошкиот факултет –Скопје резултираше со значително зголемен интерес на студенти од република Турција за студирање на нашиот факултет. Имено наведеното е видно од зголемен број на странски студенти кои се запишаа на студиската програма Дентална медицина – инегрирани прв и втор циклус студии на англиски јазик во оваа учебна 2025/2026

година. Од вкупно 30 странски студенти, 25 се турски државјани.

**Мобилности на студенти и наставен кадар ЕРАЗМУС+**

Стоматолошкиот факултет успешно ги реализираше активностите за објава и номинирање на кандидати по конкурсите во рамки на програмата Еразмус+ акција1: индивидуална мобилност за наставен кадар и студенти, објавени од страна на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје.

За потребите на мобилност во рамките на програмата ERASMUS+, Стоматолошкиот факултет во Скопје досега има склучено повеќе билатерални договори со различни факултети, односно универзитети од Европа.

За 2025 година склучени се Erasmus+ договори со

1. **Università degli Studi di Roma La Sapienza**, Рим, Италија
2. **University of Niš**, Србија
3. **University of Belgrade**, Србија (договорот е во тек)

Иницирани се контакти со универзитетите во Тирана, Подгорица и Солун, а нивната реализација се очекува во претстојната година.

Добиена е понуда за соработка од Gazi University, Анкара, Турција, но студиските програми не се компатибилни.

Во зимскиот семестар е реализирана студентска мобилност преку Erasmus+, при што еден студент (Карло Јовановски) е испратен на студиски престој во Торино, Италија.

За тековниот конкурс за мобилност на наставен кадар преку Erasmus+ програмата пријавени се тројца апликанти.

Во извештајниот период, беше реализирана одлуката за ангажирање на визитинг професори. Имено, преку Erasmus+ програмата како визитинг професор во зимскиот семестар гостуваше проф д-р Владимир Биочанин, редовен професор и декан на Стоматолошкиот факултет во Панчево, Република Србија.

**Членство во меѓународни асоцијации**

Стоматолошкиот факултет во Скопје и оваа година е полноправна членка во Асоцијацијата за стоматолошка едукација во Европа (анг. Association for Dental Education in Europe - ADEE). Со членството во оваа асоцијација, вработените и студентите имаат пристап до ресурсите објавени на веб страната на ADEE. На вработените на Стоматолошкиот факултет во Скопје и на студентите им е овозможен бесплатен пристап до сите ресурси и бенефиции кои ги нуди асоцијацијата. Исто така се продолжи и соработката со алумни заедницата.

## СТРУЧНА И АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА НА ФАКУЛТЕТОТ

Во извештајниот период, Стоматолошкиот Факултет вложи напор за проширување на ненаставниот кадар при што се вработија 4 лица. Тројца од нив се вработија во Одделението за општи и правни работни, на работно место виш соработник за студентски прашања и самостоен референт – архивар, како и едно лице на работното место соработник за човечки ресурси. Во Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење се вработи 1 лица на работно место – самостоен референт – благајник.

Во извештајниот период, покрај тековните работи што произлегуваат од правата и

обврските утврдени со Правилникот за систематизација на работните места, актите на УКИМ, одлуките од ННС, Деканатската управа и одлуките на деканот, стручните служби особено внимание посветија на новините што произлегуваат од измените на законите, со цел да се услогласи тековното работење со законите.

**Одделението за општи и правни работи** на Стоматолошкиот факултет ја организира својата работа така што навремено одговара на сите обврски што произлегуваат од доменот на задачите на службата. Тоа вклучува упис на нови студенти, упис и заверка на семестри од повисоки години, средување на студентски досиеја и пријави, како и подготовки за промоција на дипломирани студенти во рамките на ингеренциите на Одделението, подготовка на материјали за 10 редовни седници на ННС, на кои се донесени многу одлуки, како и 9 редовни и 1 вонредна седница на Деканатската управа, на кои се донесени бројни одлуки. Во извештајниот период извршена е и измена на Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителни средства од сопствени приходи на вработените на Факултетот како и изработени се и ажурирани потребните акти за реакредитација и акредитација на студиските програми.

Истовремено, во текот на извештајниот период, Одделението се ангажираше максимално за навремено извршување на тековните и вонредните обврски зададени од Деканатот на Стоматолошкиот факултет, Ректоратот на УКИМ, Државниот завод за статистика, ресорните министерства и други надлежни институции. Дополнително, Одделението одговараше на бројни барања од студентите, како што се издавање на уверенија и потврди за сместување во студентски дом, стипендии, студентски пракси во странство, информации за субвенциониран студентски оброк, уверенија на англиски јазик, наставен план и програма, како и верификација на податоци за дипломирани студенти за потребите на домашни и странски компании. Бројот на овие барања постојано расте.

**Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење** во изминатиот период пристапи кон целосно спроведување на пописот, се грижеше за навремена исплата на надоместоци по основ на реализирана настава од прв, втор и трет циклус на студии и специјализации, како и за други надоместоци. Во Одделението се воспоставија нови процедури за финаскиско, сметководствено и материјално работење.

## ФИНАНСИИ И ИНВЕСТИЦИИ

Во овој извештаен период, се преземаа **активности за унапредување на системот за јавна внатрешна финансиска контрола** и усогласување на сметководството на Стоматолошкиот факултет со единствената организација на сметководствените системи и заедничките сметководствени политики на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј’’ во Скопје како и спроведување на системот на интерни контроли и интерни постапки на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј’’ во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје. Имено, органите и телата на Факултетот донесоа нови процедури за спроведување и реализација на јавните набавки на Стоматолошкиот факултет Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а беа изменети и дополнети постоечките процедури за начинот на евиденција и плаќање на влезни фактури, евидентирање на приходи, пријавување и евиденција на обврски, благајничко работење, магацинско работење и финансиско-сметководствено работење.

Во извештајниот период беше донесена **Одлука за плати, надоместоци и додатоци на плата** и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје, која беше усогласена со колективниот договор на ниво на работодавач и беа донесени актите согласно

оваа одлука.

Со цел унапредување на практичната настава, Факултетот спроведе постапка за **набавка на потрошен материјал и ситен инвентар** за потребите на катедрите. Освен материјали потребни за вежби, се набавија **нови инструменти** за непречено одвивање на практичната настава, како претклиничка, така и клиничка настава.

За потребите на научно-истражувачките проекти финансирани од Факултетот**, набавена е опрема и материјали за научно-истражувачка работа**, со што во целост се набавени планираните ресурси за успешно реализирање на проектите.

Стоматолошкиот факултет – Скопје успешно ја спроведе јавната набавка на **стоматолошка столица** за потребите на Катедрата за максилофацијална хирургија.

За потребите на вработениот наставен кадар на Факултетот, набавени **се нови преносни компјутери** за вработените, како и печатачи и друга ИТ опрема. Исто така, за потребите на стручната и административната служба набавени се **персонални компјутери**, со што во целост службата се опреми со современа ИТ технологија.

Согласно планираните активности, успешно се реализираше **постапката за мобилна телефонија** со што вработените добија можност за набавка на субвенционирани мобилни уреди.

Во извештајниот период, во континуитет се извршуваа сите работи за **тековно и инвестициско одржување на просториите** кои ги користи Факултетот.

Согласно годишниот план за јавни набавки, Факултетот успешно реализираше 23 постапки за јавни набавки.

Во извештајниот период, реализацијата на финансискиот план за 2025 година изнесуваше 98.90%. Планираните и одобрените финансиски средства ќе бида прикажани во завршната сметка на Факултетот за 2025 година.

Во извештајниот период, **во континуитет продолжи исплатата на обврските** по основ на реализација на втор циклус студии; реализација на трет циклус студии; предавања и вежби над нормираниот обем на часови на додипломските студии; реализација на специјализации и супспецијализации согласно со Законот за здравствената заштита; учество во рецензентска комисија за избор во звање, како и учество во работата на комисиите, работните и стручните тела, работните групи и сл.

## ЗАКЛУЧОК

Овој извештај претставува збирен преглед на активностите реализирани од вработените и студентите на Стоматолошкиот факултет во сите сегменти на неговото работење. Факултетот континуирано се стреми кон зачувување и унапредување на квалитетот на студиските програми, подобрување на условите за студирање и работа, јакнење на научно-истражувачката активност и продлабочување на соработката со институциите.

Иако како најстар факултет при УКИМ се вложени значителни напори, проблемот со недостиг од наставен и административен кадар сè уште постои. Напорите дадоа одредени резултати со вработување на мал број административни лица, но тој број не е доволен. Поради тоа, во наредниот период ќе продолжат активностите за обезбедување согласности од надлежните министерства за вработување и на наставен и на административен кадар, како неопходен предуслов за непречено функционирање на факултетот.

Во наредниот период, фокусот ќе биде ставен на обезбедување финансиски средства за

доопремување на лабораториите и клиничките сали за практична настава со нова стоматолошка и лабораториска опрема, нагледни средства како и навремено обезбедување на потрошен материјал за реализација на практичната настава за студентите се со цел стекување на поголеми знаења и вештини, со што студентите би биле поподготвени за пазарот на трудот. Факултетот ќе ја унапредува соработката со други факултети при УКИМ, други универзитети и факултети во државата и надвор од неа, невладини организации и здруженија како и интензивна промоција на активностите значајни за развојот и препознатливоста на Стоматолошкиот факултет.

Превземените и реализираните активности, како и постигнатите резултати во клучните области од работењето на Факултетот – тековното работење, наставниот процес, апликативната и научно-истражувачката дејност, финансирањето и студентските активности – беа остварени благодарение на соработката со продеканите, раководителите на катедрите, како и со академскиот и административно-техничкиот кадар. Со несебично залагање и посветена работа дадовме значаен придонес за постигнување на резултатите прикажани во овој извештај, за што изразувам искрена благодарност.

Со почит,

**Д Е К А Н**

**Проф. д-р Соња Апостолска**